„ Проектот ТАКСО , кој овозможи осумгодишна техничка поддршка од ЕУ за граѓанските организации, сега продолжува поединечно во секоја држава во регионот. Комисијата одлучи да се децентрализира работата со цел **да се направи што поширок опфат на организациите во земјата**. Се надевам дека ова ќе биде **место за граѓаните и граѓанските организации од овој регион да продолжат со општествените промени**, кои верувам и натаму ќе придонесуваат за Македонија“, рече Александар Кржаловски, прв извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), на денешното отворање на **Граѓанскиот ресурсен центар во Гостивар**, со кој ќе раководи **Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ)**.



Пред присутните се обрати и **градоначалникот на Гостивар, Арбен Таравари. „Ми претставува огромно задоволство кога има вакви иницијативи, а особено кога станува збор за граѓанскиот сектор**. Нормално дека тој секогаш му помага на општеството и колку повеќе активности ќе превземе, толку помалку ни останува нам да сработиме. Драго ми е што еден од ресурсните центри се отвора токму во Гостивар “, рече тој.

**Лулзим Хазири, претседателот на АДИ**, говореше за тоа што претставува овој ресурсен центар за самата организација и за градот Гостивар. „Општо познат факт е дека граѓанскиот сектор е посилен во главниот град. Преку отворање на вакви центри надвор од Скопје, ќе им се помогне **и на останатите заедници рамноправно да учествуваат во општествениот развој**. Ова ќе биде еден отворен простор за граѓанскиот сектор, каде ќе може да се одржуваат работилници, семинари, обуки, фокус групи и други настани“, рече тој.



Пошироко за проектот и активностите кои ќе се спроведуваат говореше **Валентина Атанасовска**, раководител на ресурсните центри од МЦМС. Таа напомена дека Центарот ќе **обезбеди простор за граѓанските организации од регионот** кои се заинтересирани за покренување иницијативи. Покрај отворените центри во Скопје и Гостивар, ќе биде отворен ресурсен центар и во Штип, а преку мобилните центри ќе се обезбеди **целосна географска покриеност на државата**. Освен тоа, Центарот ќе пружи поддршка и лесен пристап до ресурсите потребни за нормално функционирање на ГО. За нив ќе се спроведат обуки, конференции, ќе им биде даванаредовна логистичка поддршка, ќе се доделат мали и партнерски грантови, ќе се подготват годишни извештаи за овозможувачка околина за ГО, ќе се воспостави биро за информирање и ресурсна веб страна.

Граѓанскиот ресурсен центар е дел од програмата Национален ресурсен центар за граѓанските организации, спроведуван од МЦМС во партнерство со Медиа Плус од Штип и Асоцијација за демократски иницијативи од Гостивар, а е поддржан од Европската Унија.